Бр./Nr 12-644/4
12-06-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 19-та седница одржана на 02.06.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2969/1 од 18.11.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето д-р ----, Директор на Јавна здравствена установа "----", **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2969/1 од 18.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 18.11.2024 година, поднесена е пријава против лицето д-р ----, Директор на Јавна здравствена установа "----"и оформен е предмет бр. 12-2969/1 од 18.11.2024 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека на ден ---- година, администраторот вработен со договор на дело во клиниката, лицето ----, без никаква претходна најава и без законска основа, добил известување за отказ од работа. Според подносителот на пријавата горенаведеното претставувало чин на

злоупотреба на службената положба и кршење на човековите права од страна на д-р ----.
Подоцна, д-р ----на ден ---- година склучил договор со лицето ----.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Државниот инспекторат за труд.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Државниот инспекторат за труд со допис – Известување ИП1 бр. ---- од ---- година, образложи дека согласно член 256 од Законот за работни односи од страна на Државниот инспектор за труд ---- со службена легитимација ---- бил извршен вонреден инспекциски надзор над субјектот за инспекциски надзор Јавна здравствена установа “----”. Било констатирано дека од страна на работодавачот бил приложен Договор за дело бр. ---- од 04.02.2024 година склучен помеѓу клиниката како нарачувач на работата и лицето ---- како вршител на работата. Со наведениот договор лицето ---- бил ангажиран за потребите на клиниката да извршува работа како администратор со средно образование. Изршителот на работа бил ангажиран да ги извршува работите на определено време сметано од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.
Во член 3 од Договорот било наведено дека извршителот на услугите се обврзува за време на траењето на горенаведениот договор да ги извршува договорените услуги навремено, совесно и коректно. Извршителот на услугите бил одговорен за штетата што ќе ја стори на нарачателот на услугите, ако истата е сторена со намера или крајно невнимание. Договорот може да биде раскинат и пред истекот на времето за кое е склучен во случај на непочитувањето на одредбите од договорот од страна на договорните страни.
Во член 4 од Договорот е наведено дека нарачателот се обврзува за извршената услуга, на извршителот да му исплати надомест од 25.000 денари.
Во член 6 од Договорот е наведено дека во случај на спор по горенаведениот договор, надлежен бил судот во Скопје.
При вршењето на вонредниот инспекциски надзор присутното лице при надзорот изјавило дека лицето ---- бил ангажиран со консултантски договор, во 1% согласно Закон за трансформација во редовен работен однос, како дипломиран економист – магистер по менаџмент, ангажиран на ----година. Од

страна на работодавачот бил приложен Договор бр. ---- од ---- година, склучен помеѓу клиниката како нарачувач на работата и ---- како вршител на работата.
Во член 2 и член 3 се образложени работните обврски на горенаведеното лице како и износот на месечниот надомест кој го добива за иврשување на работните обврски.
Државниот инспекторат за труд по извршениот увид во горенаведените договори, утврдил дека лицата ----и ----, немале склучен договор за вработување со клиниката, односно немале засновано работен однос согласно Законот за работни односи, и како последица на истото немале статус на работник.

*Според член 3 ставови 1, 2 и 3 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023 и 39/2025) (понатаму: ЗРО), овој закон ги уредува и работните односи на работниците вработени во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, установите, јавните претпријатија, заводите, фондовите, организациите и други правни и физички лица кои вработуваат работници, доколку со друг закон поинаку не е определено; работниот однос може да престане само на начин и под услови утврдени со закон и колективен договор; во работниот однос секоја од страните е должна да ги исполнува пропишаните и договорените права, обврски и одговорности.*

*Според член 5 став 1 точки 1, 2 и 6 од од ЗРО, одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: "Работниот однос" е договорен однос меѓу работникот и работодавачот во кој работникот доброволно се вклучува во организираниот процес на работа кај работодавачот, за плата и други примања, лично непрекинато ја извршува работата според упатствата и под надзор на работодавачот; "Работник" е секое физичко лице кое е во работен однос врз основа на склучен договор за вработување; "Работодавач" е правно и физичко лице, како и друг субјект (орган на државна власт, орган на единица на локалната самоуправа, подружница на странско друштво, дипломатско и конзуларно*

*претставништво), кои вработуваат работници врз основа на договор за вработување.*

Видно од предметната документација доставена на увид од страна на Државниот инспекторат за труд, горенаведените лица немаат склучено договор за вработување со клиниката, односно немаат засновано работен однос согласно ЗРО, туку биле времено ангажирано со договор на дело.

Дополнително, ДКСК укажува дека согласно член 6 од Договорот за дело бр. ---- од ---- година, наведено е дека во случај на спор по горенаведениот договор, надлежен е Основниот граѓански суд Скопје .

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р. Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**